д-р Анета Јовковска

# Методи и принципи на воспитанието на децата во Стариот и Новиот Завет


## Апстракт

Разгледувајќи ги особеностите на воспитанието во Стариот и Новиот Завет, во овој труд се истакнати основните елементи на типолошкиот модел на православното христијанско воспитание. Моделот овозможува да го разбереме процесот на духовното обликување на личноста, принципите и методите на воспитанието, како и педагошките услови. Ваквиот пристап, исто така, дава можност за споредба на моменталното ниво на духовно-моралното обликување на една личност со идеалниот модел на воспитанието.

Воспитанието во Стариот Завет е сконцентрирано на законот, праведноста, стравопочитувањето и мудроста. Тоа има за цел враќање на природното достоинство на човекот. Воспитанието, пак во Новиот Завет е сконцентрирано на најголемите заповеди за љубовта и има за цел враќање на богочовечкото достоинство, бидејќи законот очовечува, а љубовта обожува. Оттука, семејниот живот и воспитувањето на децата претставува заедничко „патување“ во љубовта, а не само низа предизвици што треба да се решат.

Воспитувањето на децата е света должност на возрасните, па затоа православното христијанско воспитание има за цел да им помогне на родителите да разберат дали секојдневните предизвици на родителството го олеснуваат нашиот пат кон Христа и патот на нашите деца кон Христос. При тој пат, важно е да не се изгуби во процесот главната референтна точка, главната цел на животот на секој христијанин - спасението на душата.


**Клучни зборови:** воспитни методи, воспитни принципи, родителство, воспитание, деца.

***

Еден дел од прекрасниот Универзум (Псалм 18), Создателот го создава преку нас родителите, земајќи нè за соработници. Како соработници, ни е доверена многу значајна и одговорна работа: воспитувањето на децата (Ефес.6,4). Работата бара знаење и вештини, а резултатите од оваа работа одредуваат, пред сè, како нашите деца растат – во радост или страдање и во што ќе пораснат – праведни или неправедни. Резултатите од воспитанието, исто така, го одредуваат и наследството што нашите деца ќе им го пренесат на нивните деца.

Односот помеѓу родителот и децата во Библијата најпрво го среќаваме во второто поглавје од книгата Битие. Тука станува збор за односот помеѓу Бог и Адам и Ева, како негови создадени деца. На почетокот, во овој однос преовладува љубовта и грижата. Покрај тоа, во односот се присутни и некои воспитни методи, кои педагошката психологија, во последните децении, ги промовира како успешни. Така, на пример: Бог редовно

комуницира со децата (1. Мој. 3: 8-9) и родителот и детето, односно Создателот и човекот, имаат заеднички активности (1. Мој. 2, 15, 19). Во таквиот однос не станува збор за било какви проблеми. Ова продолжува сè додека децата не паднат под лошо влијание однадвор. Тогаш се јавуваат првите проблеми на воспитанието. Ева ги слушаше зборовите на змијата и таа, а потоа и Адам, посакаа да бидат како богови и не му се покоруваа на Отецот. За ова беа казнети. Бог не ги казни со помош на некое зло специјално измислено за нив, туку со фактот дека им даде можност да живеат како што сакаат.[1]

Целата понатамошна старозаветна историја на човештвото е континуиран проблем на воспитанието. Проблемите се присутни уште во првото семејство, па синот на Адам и Ева станува братоубиец (1. Мој. 4: 8). Нивото на воспитание на целиот народ паднало на толку ниско ниво што луѓето биле неповратно заглавени во гревовите на разврат и Бог морал да ги уништи со поплава (1. Мој. 6: 5-22). Но, побожниот Ное, кој беше спасен од потопот, исто така имаше проблеми со своите деца (1. Мој. 9: 20-27).

Земајќи гопредвид општиот старозаветен став кон децата, може да се заклучи следново: децата се сметаат за Божји благослов, дар од Бога и наследство Господово (Псалми 126, 3; 127, 3). Во Библијата, можете да се најдат многу примери за тоа како родителите жестоко и неуморно го барале Бога за своите деца и како тие се радувале на своите деца, гледајќи ја во нив полнотата на божествениот благослов. Господ ја извршува својата милост во илјадници генерации, но не ги остава гревовите на татковците неказнети и ги казнува децата за гревовите на татковците до третата и четвртата генерација (2. Мој. 34, 7).

Воспитанието било строго во согласност со Божественото Откровение, каде човекот е претставен како носител на „образот Божји“, но истовремено и како „семе на гревот“. Животот на избраниот Божји народ, вклучително и воспитанието, бил преполн со религиозни принципи и се градел според Божествените заповеди. Надвор од овој закон не можело да има други воспитни барања. Како што Бог ги воспитувал своите избрани луѓе во законот, така и таткото го воспитувал своето дете, обидувајќи се да го втисне во детската душа законот даден од горе. Преку законот, децата се воспитувале во безусловна послушност, страв и целосна посветеност на Бога. Детето постојано се потсетувало на овие одговорности. Основниот принцип на воспитанието бил формулиран на следниов начин: „Почетокот на мудроста е стравот од Господ“ (Псалм 110, 10).

Во Стариот Завет постојат цела низа стихови во кои се зборува за потребата од духовно воспитание на децата, пренесувајќи им знаење за заповедите и традициите дадени од Бога (2. Мој. 12, 24; 13, 8; 5. Мој. 4, 9; 6, 5-7; 11, 19). Воспитувањето било исклучиво семејно. Семејните односи биле споредувани со односот на Бог кон избраниот народ, па затоа од децата се барало безрезервно да ги почитуваат своите родители (2. Мој. 20, 12). Оваа заповед била втисната во душата на детето уште од рана возраст.

---

[1] Може да се забележи дека методот на воспитание кој Бог го применил на првите луѓе воопшто не е во согласност со воспитните методи кои вклучуваат казни за непослушните деца, препорачани во Мојсеевиот закон и Соломоновите изреки, а кои се образложени понатаму во овој труд.

Статусот на децата во семејството и општеството бил на исклучително ниско ниво. Децата, сè додека не достигнеле зрелост, не заслужувале сериозен однос. Периодот на детството е главно време на физички раст и затоа е од мал интерес (Проп. 11, 10; Гал. 4, 1). Овој став кон децата бил типичен не само за старозаветните Евреи, туку и за сите источни народи во тоа време. Родителите имале право да ги продадат своите деца во ропство. Посебно бил дискутабилен односот кон женските деца. Еден благороден Евреин можел доброволно да се откаже од своите ќерки, оставајќи ги да бидат малтретирани и растргнати од развратна толпа, до болна и срамна смрт (1.Мој. 19, 8; Судии 19, 24). Во изминатите три илјади години, светот не е многу променет во морална смисла, но во односот кон децата се случија големи промени. Затоа, ваквите факти, за кои сведочи старозаветното писмо, современиот родител не само што не може да ги прифати, туку тешко му е и да ги разбере.

Воспитанието во Стариот Завет се спроведувало преку учење на должностите на еден човек. Од друга страна, во процесот на воспитание било потребно да се отсечат кај децата грешните склоности. Книгата *Изреки,* содржи прилично голем број стихови за кои се верува дека се однесуваат на воспитувањето. Според Соломоновите изреки, главната цел на воспитувањето на децата е да се всади мудрост кај нив и побожен начин на живот по пат на советување и дисциплинирање. Мудроста е наменета да ја подготви личноста да живее според Божјите заповеди. Мудроста може да се научи со помош на воспитните методи применувани од страна на родителите: „*Стапот и прекорот даваат мудрост, но момче, оставено без грижа, ја посрамува својата мајка*" (Изреки 29, 15). Специфичните правила и прописи во Светото Писмо на Стариот Завет укажуваат на тоа како треба да се манифестира послушноста на децата: „*Синко, чувај ја заповедта на својот татко и не отфрлај ја поуката на мајка си*" (Изреки 6, 20).

Динамиката на книгата *Изреки* се манифестира преку изборот на авторот на спротивставени теми, како што се мудроста и глупоста. Идеалот е прикажан преку осуда на неговата спротивност. Главната разлика помеѓу мудрото дете и глупавото дете е како тие реагираат на родителското водство при воспитувањето. Мудрото дете ги исполнува родителските совети (Изреки 13, 1) и ги радува своите родители (Изреки 23, 24-25). Радоста на родителите продолжува и кога детето ќе стане возрасен човек (Изреки 29, 3). Разумното дете го слуша прекорот од своите родители (Изреки 15, 5), тоа е послушно на родителите (Изреки 23, 22) и има способност да го разликува доброто од лошото (Изреки 28, 7).

Спротивно на тоа, глупавото дете го одбива родителското водство. Мајката на глупавото дете е тажна (Изреки 10, 1) и огорчена (Изреки 17, 25). Таткото, исто така, е тажен од однесувањето на своето дете (Изреки 17, 21, 25), бидејќи глупавиот син е пропаст за таткото (Изреки 19, 13). Глупавиот син не ги слуша прекорите на своите родители (Изреки 13, 1), се подбива со татковата поука (Изреки 15, 5), избира друштво што го засрамува неговиот татко (Изреки 28, 7). Тој не ја почитува својата мајка (Изреки 15, 20), не смета дека е погрешно да ги ограби своите родители (Изреки 28, 24), да ги упропасти и избрка (Изреки 19, 26), да зборува лошо за нив (Изреки 20, 20) и да им се потсмева (Изреки 30, 17). Ваквото бесрамно и нечесно однесување (Изреки 19, 26) доведува до прерана смрт на неразумните деца (Изреки 5, 23).

Затоа, Соломоновиот совет: „*Поучи го момчето на почетокот на патот негов: тој нема да скршне од него и кога ќе остари*" (Изреки 22, 6), ја нагласува важноста на воспитанието на детето уште во рана возраст. На родителите им се препорачува да интервенираат во животот на детето додека сè уште постои можност да го променат неговото однесување. Во тој контекст се вели: „*Казни го синот свој, додека има надеж, и не се возбудувај од викањето негово*" (Изреки 19, 18). Целта на казната како воспитен метод овде е препорачана за да се скрши самоволието и тврдоглавоста на непослушното дете. Казната, во секој случај, се разбира како мерка за коригирање на однесувањето на детето, а не како резултат на родителскиот гнев, што се претвора во одмазда. Казната треба да произлезе од љубовта и посакувањето на родителот најдобро за детето. Значи, љубовта е онаа што поттикнува на казна. Ваквиот интегриран пристап кон воспитанието во Стариот Завет, му обезбедува на детето балансирана слика за Божјата љубов (Исаија 66, 13) и казна (Изреки 3, 12).

И покрај разбирањето дека казната произлегува од љубовта на родителите кон своите деца, старозаветните книги изобилуваат и со стихови во кои се предлагаат крајно сурови мерки за непослушните деца. Во книгата *Изреки*, мудриот Соломон ја препорачува телесна казна како воспитен метод за непослушните деца и една „алатка" за спроведување на казната – стап или прачка: „*Кој ја жали прачката, го мрази синот свој; а кој го сака, го казнува од детските години*" (Изреки 13, 25, спореди со Изреки 10, 13; 19, 18; 22, 15; 23, 13; 29, 15; 29, 17). Ако целта на усните инструкции е информирање за тоа како правилно треба да се однесува детето, тогаш целта на казната е да се поправи неговото однесување. Првото има превентивна природа, а второто корективна. Првото е наменето за послушното дете, а второто за непослушното. Корекцијата во некои случаи се препорачува да се постигне со помош на вербален укор како воспитен метод или вербално убедување со апел до совеста на детето.

Покрај препораките на Соломон за казнувањето на непослушните деца, уште поостри „воспитни" мерки се предложени во Мојсиевиот закон за истите кои се на адолесцентска возраст – убиство со каменување (5. Мој. 21, 18-21). Останува отворено прашањето дали ваквите сурови методи влијаеле врз непослушните деца, но во секој случај, тие тешко може да се наречат воспитни. И покрај огромните напори и реки пролеана крв, резултатот бил минимален: старозаветниот народ не се одвикнал од идолопоклонството и бил подготвен да го распне Месијата. За жал, овој пристап кон воспитанието понекогаш се пренесува како христијански,[2] иако е очигледно дека Христос не зборува за такви принципи на воспитание, туку нуди многу поразлични.

Исус Христос, Бог и воедно совршениот човек, стои на чело на новото христијанско време создадено од Него. Тој ни го покажал вечниот идеал на воспитувањето: секој христијанин, имајќи ги предвид вродените способности, треба да се усовршува за да стане како Христос; односно да се формира во слободна личност, која стои во свесен и рационален однос со Бога, луѓето и природата. Христос го исполнил ова барање во својот живот на земјата и го потврдил со пример како вистински Учител и Воспитувач. Поуките и

[2] Добсон Джеймс. *Непослушный ребенок*. Санкт-Петербург:„Мирт", 1998, стр. 201.

делата на совршениот Учител ги содржат сите вечни основи на педагогијата, кои треба, развивајќи ги, да ги применуваме во пракса.

Гледајќи ја својата цел не во уништувањето на старозаветниот закон, туку во негово усовршување, Христос, склучи Нов Завет помеѓу Бога и човекот, а Стариот Завет се смета за исполнет од Него. Тоа донесе многу промени во овој свет. Многу заповеди кои имаа привремена природа и не одговараа на вечните идеи на Создателот, беа променети од страна на Христос. Така, во однос на децата, Христос бара високо почитување и признавање на нивното лично достоинство. Тој вели: „*Вистина ви велам, кој не го прима царството Божјо како дете, тој нема да влезе во него*“ (Марко 10, 14-15). Децата со својата посветеност и понизност, со својата нескротлива едноставност, искреност и љубов, со својата искрена непосредност и чувствителност кон сè убаво и божествено, се појавуваат во очите на Христос како пример за највисоко совршенство кое возрасно лице може да го постигне само преку свесно усовршување на себе. Затоа Тој ги повикува Своите ученици да станат повторно како деца, ослободени од секаква суета и амбиција. На прашањето кој ќе биде најголемиот од нив во царството Божјо, Он одговара: „*Вистина ви велам,, ако не се обратите и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно: кој, пак, ќе се понизи како ова дете, тој е најголем во царството небесно; и кој прима такво дете во Мое име, мене ме прима*“ (Матеј 18, 3-5).

На родителите Христос им проповеда за исклучителна љубов во делата на воспитувањето на нивните деца, укажувајќи им на таткото кој дури со радост го прифаќа својот блуден син по враќањето од лошиот пат во животот (Лука 15, 11-32). Но, во исто време, Христос ги предупредува родителите дека родителската љубов не треба да биде причина за запоставување на највисоката цел во животот. Тој потсетува: „*Кој љуби син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене*“ (Матеј 10, 37).

Христос ја препознава важноста на физичкото и духовното воспитание на децата, сепак воспитанието на духот во Неговите очи е повисоко и поважно од воспитувањето на телото и стекнувањето на материјални богатства, бидејќи: „*каква полза е за човек ако го придобие целиот свет, а на душата своја ѝ напакости?*“ (Матеј 16, 26);. „*Барајте го најнапред царството Божјо и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде*“ (Матеј 6, 33); „*Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше*“ (Матеј 6, 21). На овие основи Христос го воспоставува вечниот и вистински концепт за воспитанието, па така, воспитувањето на човекот во духот на Евангелието претставува негово возвишување кон божественото совршенство.

Книгите од Новиот Завет наведуваат две епизоди во кои Христос го покажува својот став кон децата (Марко 9, 35-37; 10, 13-16 или Матеј 18, 1-5; 19, 13-15; Лука 9, 46-48; 18, 15-17), и две изјави на светиот апостол Павле, кога пишува директно за воспитанието (Ефес. 6, 4; Кол. 3, 21). Иако ова на изглед е малку, општата суштина на христијанскиот став кон децата и нивното воспитување е прикажана овде на сосема прецизен начин. Како и во многу други случаи, Христос овде дава нова (новозаветна) визија за проблемот на воспитанието од каде што произлегуваат и воспитните методи.

Трите евангелија опишуваат една епизода што целосно го отсликува односот на Исус кон децата (Матеј 19, 13-15; Марко 10, 13-16 и Лука 18, 15-17). Децата се доведени за Он да ги благослови, но учениците ги спречуваат децата да пристапат до Христос. Господ Исус Христос негодува на овие постапки на апостолите. Постојат различни теории за тоа кои мотиви ги натерале апостолите да ги спречуваат децата да доаѓаат кај Христос и зошто тоа предизвикало негодување кај Него. Сепак, може да се рече дека за ваквата постапка на учениците не им биле потребни посебни мотиви. Тие дејствувале во целосна согласност со ставот на безначајност на децата и детството, што тогаш било општо прифатено кај Јудејците: не смеело да се одвлекува вниманието на важните возрасни во нивните сериозни разговори од страна на децата. Ваквиот став е широко распространет дури и денес. Негодувањето на Христос покажува дека Тој го отфрла овој став. Исус не дава детално објаснување зошто овој однос треба да се менува, како што тоа го прави во двата други случаи опишани во непосредна близина во *Евангелието според Марко* (Марко 10, 2-12 - став за разводот, Марко 10, 17-25 - став за богатството).

Овде Христос го ограничува својот говор на една фраза: „*Оставете ги децата да доаѓаат кај Мене и не бранете им, зашто на такви е царството Божјо… Вистина ви велам, кој не го прима царството Божјо како дете, тој нема да влезе во него*“ (Марко 10, 14-15). Со оваа фраза, Христос експлицитно посочува дека периодот на детството не само што не е неинтересен, туку е и многу важен; дека е потребно возрасните да учат од децата (Марко 10, 15). Не од важните разговори на сериозни возрасни луѓе, ниту од проповедите на славните, ниту од научните трактати, може да се научи најважната вистина - како да се влезе во царството Божјо - туку со разбирање и прифаќање на мудроста која Творецот ја вложил во децата.

Да разгледаме понатаму што ни кажуваат заповедите за воспитанието дадени од светиот апостол Павле (Кол. 3, 21; Ефес. 6, 4). И во двата стиха е посочено: „*И вие татковците, не дразнете ги децата свои...*“ Да размислиме кои се главните причини за дразнење (иритирање) на децата, што во процесот на воспитување ги втурнува во лутина? Две од нив се тесно поврзани со родителството и се прилично очигледни. Воспитните методи засновани на казна и страв не само што предизвикуваат лутина, туку и ги свртуваат децата против своите родители и против Бога. Детето исто така се лути кога неговите природни потреби, физички и психолошки, не се исполнети. Секој родител знае колку детето може да биде каприциозно ако е гладно, не е доволно наспано или е уморно. Но, најмногу од сѐ, се подразбира дека истиот гнев може да биде предизвикан од чувство на недостаток на љубов од страна на родителите, како и недостаток на комуникација и грижа. Оттука е јасно дека апостолот Павле децидно го отфрла старозаветниот модел на воспитание кога станува збор за телесното казнување на децата.

Вториот дел од заповедта на апостолот Павле упатена до Ефесјаните, кој гласи: децата „*подигнувајте ги во воспитанието и науката Господова*“ (Ефес.6, 4), сосема се совпаѓа со старозаветните упатства за духовното воспитание на децата (2. Мој. 12, 24; 13, 8; 5. Мој. 4, 9; 6, 5-7; 11, 19). Во вториот дел, пак, од заповедта која светиот апостол Павле ја упатил до Колосјаните: „*... за да не паѓаат со духот*“ (Гал. 3, 21), јасно постои индикација

за духовните и емоционалните потреби на детето, чие разбирање психолошката наука го образложи скоро два милениума подоцна, а сè уште упорно се игнорира од страна на некои поборници за воспитанието засновано на казни.

Оттука, новозаветниот систем на воспитание кој е заснован на Христовото учење се базира на следново: Прво, потребно е да се тргне од фактот дека Бог е мудар Создател, а детето е негово совршено хармонично создание (1. Мој. 1, 27, 31; Матеј 18, 3-4), а не некаква „недовршеност“ што треба да се подобри и исправи, како што веруваат приврзаниците на приодите засновани на казни. Создателот во детето положил сè што е потребно за неговиот успешен развој. Покрај тоа, Тој на родителите не им доделува независна улога при воспитувањето во најважните фази од развојот на детето. Он самиот го насочува процесот преку вродените инстинкти и вештини својствени и за децата и за родителите. Второ, Создателот создал мудар механизам кој обезбедува севкупен хармоничен развој на детето. Родителите имаат многу важна, но не и одлучувачка улога во тоа. Ако овој механизам не е нарушен, тогаш одлучувачката одлука останува на Создателот, а на родителите им се нуди работата на Божји соработници, односно градители кои го оживуваат проектот на Архитектот.

Главни компоненти на овој механизам се: безграничната верба на детето во родителите, љубопитност разбрана како љубов кон знаењето, и развивање на способностите до степен на нивно максимално усовршување.

- *Безгранична верба на детето во родителите*: Концептот на небесен Бог е над разбирањето својствено за малите деца. Но, тие сепак го разбираат Бога, бидејќи во односот на малото дете со родителите се содржани сите компоненти што го сочинуваат правилниот став на една личност кон Бога. Тоа е безусловна љубов, како прототип на љубовта кон ближниот. Нашите деца треба да почувствуваат дека многу ги сакаме и се грижиме за нив. Словото Божјо нè води кон оваа вистина. Така на пример, апостолот Павле во *Посланието до Тит* ги советува родителите да ги сакаат своите деца (според Тит 2, 4). Децата мора да бидат сигурни дека можат целосно да им веруваат на родителите. Како родители, потребно е да покажеме интерес за нивните грижи и да ги почитуваме нивните мисли; да им покажеме дека бараме можности да разговараме со нив и дека сме подготвени да го жртвуваме нашето време за ова.

Понатаму, оваа компонента ја содржи и апсолутната верба на детето во семоќта, сезнаењето и мудроста на родителите, дека тие се способни да спасат, да помогнат и да заштитат од сите неволји. Присутен е и стравот. Библијата зборува за стравот од Господ (Псалми 110, 10), а психологијата тврди дека едно од главните чувства на малото и беспомошно дете е стравот од надворешниот свет (вклучително и луѓето, па и родителите) кој може да го стави во опасност.[3] Со правилно воспитување, поимот за Бог кај детето постепено се формира, извлечен од неговиот концепт за родителите. Така Бог се осознава како семоќен, мудар и праведен, а родителите се едноставно силни, ерудитни и полни со љубов.

[3] Harris, Thomas Anthony. *I'm OK – You're OK.* Harper Perennial; Quill ed. Edition, 2004, стр 224.

- *Љубопитност или љубов кон знаењето*: Желбата за спознавање на светот создаден од Бога е еден од главните движечки мотиви што управуваат со однесувањето на детето. Доколку овој мотив не се потисне во раното детство од страна на родителите (воспитувачите), тогаш станува основа за успешно учење, истражување и креативност.

- *Развивање на способностите до степен на нивно максимално усовршување*: Библијата вели дека човекот е создаден според Божјиот образ и подобие (1. Мој. 1, 27), а крајната цел на образованието и воспитувањето треба да биде усовршување на таквиот образ кај човекот до степен на обожување – да се стане бог по благодат. Современата наука, пак, докажува дека способностите на секој нормален човек може да се развијат до усовршување преку долг и компетентен воспитно-образовен процес.[4]

Библијата учи дека нема безгрешни луѓе (Рим. 3, 10). Тоа значи дека и ние родителите, бидејќи сме грешни, можеме да направиме и грешки при воспитувањето на нашите деца. Но, родителските грешки направени при воспитувањето, може да бидат и многу опасни. Христијанскиот став кон анализа на сопствените постапки и подготвеноста да се поправат (со покајание и преумување) е многу корисен за секој воспитувач, вклучително и за родителите. Спротивното, оној кој за сè ја обвинува послабата страна (во случајот, детето) не може да постигне успешни воспитни резултати. Тука се појавува и потребата од молитва. Родителот кој редовно се моли за своите деца и бара мудрост од Бога во решавањето на воспитните проблеми, добива помош од совршениот Воспитувач и е заштитен од многу грешки и искушенија на погрешните начини на воспитание.

Не треба да се заборави и фактот дека децата повеќе учат од примерот на возрасните, а помалку од нивните нотации. Ако сте родител, мора да го преиспитате вашиот животен стил и да се откажете од многу работи што можат да ги доведат вашите деца во искушение. За оградување на децата од искушенија и соблазни, родителите треба да применуваат посебни средства со кои ќе ги всадат добродетелите во детското срце. Прво од нив, после вербалното поучување, е примерот на благочестие кој треба родителот да го покаже со својот живот. Треба да се има предвид и тоа дека лошите примери оставаат врз децата поголем впечаток отколку добрите. Православната педагогија зборува за неопходноста од обраќање кон примери од животот на големите луѓе, пред сè светителите. Имајќи го пред себе како најголем пример животот на Богочовекот Исус Христос, родителот треба да се стреми со својот живот да го следи Него. Така ќе успее да биде морален пример за своето дете и да го привлече и охрабри и тоа да изгради вистински христијански вредности.

Друга важна задача на родителите при воспитувањето на децата е да ги развиваат кај нив христијанските добродетели, а пред сè, чувството за емпатија, сочувствување, прошка и милосрдност. Современата педагошка психологија има развиено специјални пристапи и техники за значително подобрување на способноста за разбирање и сочувствување. Една од тие техники е активно слушање на соговорникот (детето). Од друга страна, методите на

[4] Ericsson K. Anders, Krampe Ralf Th. and Tesch-Romer Clemens. *The Role of Deliberate Practice in the Acquisition of Expert Performance*. Psychological Review, 1993, Vol. 100. No. 3, 363-406.

воспитание кои вклучуваат казна ја негираат самата потреба за разбирање и емпатија и природно поставуваат солидна основа за развивање на проблемот родител – дете.

Секако дека горespоменатите задолженија при воспитанието на децата бараат од родителите да поминат со нив квалитетно време, кое го надминува формалното извршување на родителските обврски кон децата. Таквата формалност не дава добри плодови на воспитанието. Низ целиот Стар Завет, Бог се обидуваше да го одвикне избраниот народ од формалниот однос кон Него, но до времето на Христовото доаѓање, најревносните божествени служители – фарисеите, останаа формалисти. Слично на тоа, и денес многу родители, во костец со прекумерните работни обврски, се ограничуваат само на формалното извршување на своите должности кон децата. Така, децата често се чувствуваат осамени дури и во просперитетните семејства.

Оттука, според учењето на православната христијанска педагогија за воспитувањето на децата, можеме да издвоиме два основни принципа на успешно родителство:

- Максимално, целосно и правилно задоволување на потребите на детето, утврдени од Создателот (принцип на љубовта) и

- Правилно насочување на односот на детето кон светот, а тоа е дека светот што е создаден од Бога е толку прекрасен, што најдоброто нешто што треба да се направи на овој свет е да се истражува, спознава и да се сака секое создание.

Според горенаведеното, може да се воочат важните разлики помеѓу старозаветното и новозаветното поимање на воспитанието на децата, како и за методите на неговото спроведување:

- Најпрво се воочува дека насоката на заповедите кои се однесуваат на воспитанието во Стариот и во Новиот Завет е различна. Додека статусот на децата во старозаветното општество е на ниско ниво, Христос го менува односот кон децата издигнувајќи ги до мудроста на Создателот, како својствена за нив. Старозаветниот пристап, повикувајќи на промена и корекција на однесувањето на децата, што се постигнува со помош на апсолутниот авторитет на родителот, ја игнорира потребата да се земе предвид состојбата на детето, т.е. „повратната информација“ и ја негира мудроста со која Бог ги благословил децата. Таквата детска мудрост ни е откриена во Новиот Завет (Матеј 18, 2-4) и таа се манифестира преку природните потреби својствени за детето, преку вродени склоности, инстинкти итн.

- Второ, во Новиот Завет нема ниту една објава која заповеда или препорачува да се казнуваат децата. Покрај тоа, во сите 27 новозаветни книги нема ниту една фраза изречена од Христос, апостолите или некој друг што позитивно би ја проценила казната од родителите за нивните деца. Ова нѐ наведува на размислување, бидејќи ваквите заповеди се чести во Стариот Завет.

- Трето, во Новиот Завет ништо не е посочено во врска со системот на корекција на децата кои не се однесуваат примерно, додека целиот старозаветен систем, заснован на казни, е во суштина систем за корекција на однесувањето.

- Четврто, во Стариот Завет воспитните методи се засноваат на претпоставката дека воспитувачот е подобар и помудар од детето. Новиот Завет, пак, претпоставува дека безгрешното дете е подобро од возрасниот грешен човек и мудроста на детето е неспоредливо супериорна пред мудроста на воспитувачот. Оваа промена во пристапот кон децата, генерално, одговара на промената во односот на Бог со неговите позрели луѓе (според Ер. 31, 31-34).

Во однос на новозаветниот пристап кон казната како воспитна мерка, некои христијани се сигурни дека на родителите им се препорачува да градат систем на воспитување според сериозноста, дисциплината и казнувањето, земајќи ги предвид зборовите на светиот апостол Павле кои ги упатил до Евреите: „*'...зашто Господ го казнува оној што го сака; го кара секој син што го прима.' Ако трпите казна, Бог со вас постапува како со синови. Зашто кој е тој син кого таткото не го казнува? Ако, пак,останете без казна, во која сите станаа соучесници, тогаш сте деца незаконски, а не синови. Ако се плашиме од нашите татковци кога нè казнуваат, тогаш колку повеќе треба да Му се покориме на Отецот на духовите, па да бидеме живи? Зашто тие нè казнуваат за кратко време, како што им се чинело најдобро; а Тој – за полза, та да учествуваме во Неговата светост. Секоја казна во почетокот не се покажува дека е за радост, туку за жалост; но потоа на оние што ќе се поучат од неа таа ќе им принесе мирен род на праведност*“ (Евр. 12, 6-11).

Егзегетите се согласни во тоа дека овие стихови не се однесуваат на воспитувањето на децата, туку се кажани во контекст на потребата од истрајност и трпеливост во одбраната на верата. Тука, апостолот Павле, посочувајќи го примерот на Христос (Евр. 12, 2-3) и примерите на хероите на верата (Евр.10, 38 – 12, 1), зборува за неизбежноста на страдањето (Евр. 12, 4-11). Затоа, во посланието соодветно се објаснува зошто Бог не само што дозволува страдање (вклучително и за праведните), туку и самиот ги казнува неговите деца. За да ги појасни своите мисли, апостолот Павле го користи најблискиот пример од секојдневниот живот на луѓето: казнување на децата од страна на нивните земни родители. Пример што е јасен за секого: и за старозаветните Јудејци, кои ги казнувале децата според Мојсеевиот закон, и за нашите современици, кои исто така не можат без казнување на своите деца. Сепак, овој стих не препорачува казнување на децата од страна на нивните земни родители, ниту пак ги проценува таквите казни.

Некои теолози сметаат дека зборовите: „*Секоја казна во почетокот не се покажува дека е за радост, туку за жалост; но потоа на оние што ќе се поучат од неа таа ќе им принесе мирен род на праведност*“ (Евр.12, 11), можат да укажуваат на казната од родителите кон своите деца. Сепак, кога добро ќе се согледа континуитетот на текстот, може да се заклучи дека тука станува збор за казната на возрасните (грешните) и тоа е потенцирано со зборот „секој“ на почетокот на стихот. Исто така, очигледно е дека изложеното во горенаведениот стих може да се однесува само на казна од Бога, бидејќи не сите казни од страна на луѓето „принесуваат мирен род на праведност“.

Другото искушение при толкувањето на овие стихови од *Посланието до Евреите* (12, 5-11) како заповед на земните родители да ги казнуваат своите деца се спроведува преку

некое логично размислување, чие значење е следново: бидејќи Бог ги казнува своите деца и ова е добро, тогаш и земните родители треба да ги казнуваат своите деца. Всушност, логиката што се користи тука е неточна и доведува до опасни заклучоци. Така, на пример, според истата логика, Хитлер го оправда геноцидот на народите што го изврши со фактот дека и Бог така постапил.

Очигледно е дека духовниот континуитет на Стариот и Новиот Завет не ни дава причина да ги замениме новозаветните заповеди за воспитанието на децата со старозаветните, кои беа засновани на стравот од казна. Новиот Завет нуди целосно нов пристап кон проблемот за осудувањето и казната (според Матеј 7: 1-5). Го знаеме и тоа дека проблемот за воспитување на децата не е единствениот за кој Бог не му понудил на својот народ идеално совршено решение во Мојсеевиот закон. Може да се пронајдат многу такви примери во Библијата. Можеби не е случајно тоа што главниот пасус каде што Христос зборува за односот кон децата (Марко 10, 13, 16) е ставен во евангелијата веднаш до епизодите каде што Христос го отфрла старозаветниот став кон разводот (Марко 10, 2-12) и богатството (Марко 10, 17 – 31).

Она што денес ни изгледа како идеално решение, за некое минато време може да се покаже како бескорисно, па дури и штетно, поради фактот што е неразбирливо и невозможно за неподготвените луѓе. Во такви случаи се нудат пристапи кои се практични и овозможуваат оние што ги користат да растат и постепено да ги прифаќаат понапредните пристапи. Во истиот контекст, кога станува збор за жртвопринесувањето, светиот апостол Павле вака објаснува: „*Преку ова Светиот Дух покажуваше дека сè уште не е отворен патот за светилиштето сè додека стои првата скинија, која е симбол на сегашното време, во кое се принесуваат дарови и жртви, кои не можат да го направат совршен по светоста оној што служи, туку се состојат само од јадења и пиења, и разни миења и телесни обреди, установени до времето кога сето ова ќе се исправи*“ (Евр. 9, 8-10). Ваквиот принцип е применет и по однос на левитското свештенство (Евр.7, 11), законот за одмазда: „Око за око, заб за заб“ (Матеј 5, 38), ставот кон осудувањето (Матеј 7, 1-5), казната за виновниците (Матеј 5, 39; Рим. 12, 17-19), проблемот со разводот (Матеј 19, 8) итн.

Кога овие привремени решенија ја исполниле својата „педагошка“ функција, било потребно да се напуштат за да се премине на следниот чекор, кој е предложен од Христос, на што нè поучува и светиот апостол Павле кога вели: „*И така, Законот беше за нас воспитувач да нè доведе до Христос, за да бидеме оправдани преку верата; а откако дојде верата, ние не сме веќе под раководство на воспитувач. Зашто сите сте синови Божји преку верата во Христос Исус*“ (Гал. 3, 24-26). Според тоа, законот на Мојсеј и Стариот Завет биле повикани да го воспитаат страозаветниот, во многу аспекти ограничен народ и да го доведат до Христос. Кога Христос преку своите зборови и дела прогласил нови методи на воспитување на децата, тие сè уште не биле правилно разбрани од страна на народот во тоа време. Човештвото мораше да помине долг развоен период под влијание на идеите на Христос, пред да започне да разбира нешто од Неговото учење за децата. Процесот на осознавање сè уште трае. Прогресивната мисла ги прифати идеите на Христос и денес, тие се дел од психолошките и педагошките методологии.

Во современата педагошка психологија, приодите кон казната како воспитна мерка се добро разработени и одговараат на духот на христијанското учење. Во стручната психолошка литература, телесната казна и другите понижувачки форми на казнување на детето се сметаат за крајно негативни и претставуваат повреда на достоинството, физичкиот и емоционалниот интегритет на детето, го намалуваат чувството на самодоверба кај детето, а исто така го нарушуваат односот на доверба помеѓу детето и родителот, бидејќи детето повеќе нема да се чувствува безбедно со родителот. Исто така, детето не разбира каде погрешило и не добива прилика да ја поправи својата грешка и да научи нешто од неа. Со оглед на тоа што децата учат најмногу од примерот, од ваквиот метод можат да заклучат дека е во ред да ги тепаме оние што ги сакаме, како и послабите од нас и дека конфликтите се решаваат со тепање.

Глобалната иницијатива располага со резултати од над 250 студии, во кои се истражувале ефектите од физичкото казнување на децата. Според овие истражувања, физичкото казнување доведува до низа негативни последици по здравјето и развојот на децата, како и проблеми во однесувањето, кои можат да бидат присутни и во зрелата доба. Негативните последици вклучуваат лошо ментално здравје, забавен когнитивен развој, пониски академски постигнувања, зголемена агресија, лошо регулирање на моралните вредности и зголемено антисоцијално однесување.[5] Земајќи ги предвид сите негативни последици, физичкото казнување не само што не е прифатлив метод на воспитување, туку е и забрането во најголем број земји.

И покрај тоа, ваквите мерки сè уште се употребувани од страна на родителите при процесот на воспитувањето на децата. Може да се каже дека има многу родители, па дури и наставници, кои не сакаат или не можат да го надминат Соломон и експлицитно или прикриено го негираат постоењето на новозаветното учење за воспитувањето на децата. Истражувањата на оваа тема покажуваат дека, во денешно време, дисциплинирањето со примена на насилство е најчеста форма на насилство врз децата. Како резултат на тоа, секоја година умираат илјадници, претежно мали деца ширум светот, а милиони деца завршуваат со повреди.[6] Од друга страна, со самото предизвикување на физичка болка кај детето се прекршува правото на детето за заштита од напад. Возрасните честопати не ја забележуваат ниту емоционалната болка што ја предизвикува физичкото казнување и како тоа влијае врз достоинството на детето, како и потенцијалните краткорочни и долгорочни последици што може да ги има врз поединците и општеството.

Кажавме дека во боговдахновените книги на Новиот Завет нема ниту еден стих за воспитувањето на децата кој укажува на тоа дека е добро да си преминува физичката казна како метод на воспитување. Но, самите луѓе смислуваат такви фрази и мисли, како на пример онаа дека „ќотекот е произлезен од рајот“ и ѝ ги припишуваат на Библијата, верувајќи повеќе во нив, отколку во пишаното Слово. Родителите кои користат вакви

---

[5] Kirwaun, S. & Bassett, C. *Presentation to NSPCC: Physical punishment, British Market Research Bureau*. National Society for the Prevention of Cruelty to Children, 2008, стр. 32.

[6] Според Pinheiro, P. S. *World Report on Violence Against Children, Geneva: UN Secretary General's Study on Violence against Children*, 2006, достапно на: http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/ CRC/ Study/Pages/StudyViolenceChildren.aspx.

методи за воспитување на децата под изговор дека ги дисциплинираат, обично го прават тоа затоа што и самите биле така третирани како деца. Бесмислено е да се обвинуваат старите општества за ваквите методи, затоа што тие дејствувале во согласност со културата што преовладувала во тоа време. Но, погрешно е да се спротивставуваме на позитивните промени затоа што се плашиме да ги критикуваме воспитните методи на претходните генерации. Признавањето на децата како носители на права бара преземање на акција за да се стави крај на социјалното прифаќање на насилството врз децата како воспитна метода.